




**Гоце Делчев:** "Јас не познавам друг народ кој повеќе страдал од предавствата на своите синови - изроди како македонскиот".

**Филип II Македонски:** "Не сакам ништо друго во целиот мој живот, освен градовите-држави да лазат како црви под моите нозе“.

**Плутарх за битката кај Херонеја, 338 п.н.е.:** "Атињаните се однесуваат спрема македонците како полубогови меѓу диви ѕверови". Во оваа битка Филип II и Александар III однеле најголема победа над Атина и Теба.

Македонските кралеви Филип II и неговиот син Александар III Велики се убиени од предавници, платени од бесконечната елинска завист и подлост кон Македонија.



**Олимписките игри 356 година се финансирани од македонскиот крал Филип II,** во чест на раѓањето на неговиот син Александар III Македон, 21 јули, и победата на Филип врз Тракијците и Илирите. И овие *игри* се дел од Македонскиот глобален културен феномен, како што е и Македонското царство кое ги обединило и привремено смирило колонизаторските амбиции на своите постојани непријатели, градовите-држави.

Кралот на Македонија, Филип II, големиот татко на големиот син Александар, обединил 16 Македонски племиња во едно кралство: Адриани, Пердикеанци, Линкестиди, Пеонци, Одрисеанци, Моесианци, Орестијанци, Алмопијанци, Елиметејанци, Халкидијци, Пелагонци, Илири, Молосијанци, Тракијаци, Дардани и Трибалци. Така и Македонското сонце од Еге добило 16 крака. Тракијците од денешна Бугарија можеби би откинале еден крај за да нанесат последен удар во срцето на Македонија од 21от век. Или, заедно со денешна Грција и украденото 16 крако сонце - да ја изгорат ненивна Македонија во невидлив логор.

Во **македонските Кралеви Филип II и неговиот син Александар III Велики** може да се види аналогија на Македонските непрекинати судири со Данајските, Јонските и другите *елински* и несловенски племиња околу Македонија, со мотото **„еден против сите“ – Св. Илија против Ахаб и Цезабел**.

**Целта на Македонските кралеви била создаваwе универзалната држава во која сите народи, јазици и религии ќе се рамноправни со својот културен и религиски**

**идентитет, наспроти** ***елинската ксенофобна тиранија против сите што не се нивни.***

**Македонскиот национален херој Гоце Делчев ја оживеал истата цел, во идеите на Крушевскиот Манифест: една Македонска самостојна држава со сите етнички заедници покрај македонскиот народ.**






**Проф. Виктор Лилчиќ Адамс**, врвен македонски археолог, истражувач и познавач на старата историјата на Македонија, со артефакт што го пронашол во неговите неуморни заложби за научно и стручно документирање на македонските кралства - формативни за културите на Европа: слика - наод од локалитетот Кула, с. Бабино, стара Македонска воена база, долина на реката Еригон, Црна Река; монета и дел од воена опрема од Александар III Македон, Касандер Деметриус Полиорсет и Антигон Гонат.

Списанието **Македонско наследство /Macedonian Heritage** (1994-2014), со кралот Филип IIна предната корица, го основал и уредувал проф. д-р Виктор Лилчиќ Адамс, со коиздавачот Јелена Маневска Лилчиќ.

Академскиот и личен ентузијазам на проф. Лилчиќ Адамс за откривање на величината на Македонија низ милениуми е воден од сознанијата за македонската култура, супериорно автентична во југоисточна Европа, пред инвазиите од азиски и африкански дојденци во денешна Грција, и подоцна во Бугарија. Во центарот на својот домороден полуостров, иако постојано изложени на напади и уништувања, предавства од непријатели и неверни сојузи со други племиња и народи, Македонците го задржале својот храбар, благороден ген. Тој карактер е највеличествено сублимиран во величествениот македонски владетел Александар III Велики.

**Кон иконата на Св. Илија. Спрема Стариот Завет,** пророкот Илија бил роден во Тиш, источно од реката Јордан. Делувал во времето на Крал Ахаб (873-854 пред раѓањето на Христа) и неговата жена Џезабел. Против нивните злодела и идолопоклонства на паганскиот бог Баал пророкот Илија ревносно зборувал, како подоцна и Св. Јован за времето на Исус Христос, против царот Ирод и жена му. Прогонуван од нив, пророкот се повлекол на планината Ореб каде, 500 години пред него, Мојсеј го видел дрвото во пламен што не догорува. Господ го советувал Илија да се качи на врвот. Од таму Божјата сила го вознела во пламени кочии, со блажена ветерна свежина. Во Новиот Завет, Исус Христос често се осврнува на Св. Илија. Кога ги слушале Неговите рани проповеди и посведочиле за Неговите чуда, Исус Христос ги прашал следбениците: „Што велат луѓето – кој сум?“ Тие му одговориле: „Некои велат Св. Јован Крстител, други Св. Илија.“ Во сцената на Преображение, Исус зборувал со двајцата најголеми старозаветни пророци, Мојсеј и Илија.

**S.**

136.  eS … Оној што гледа се’. Бог. Владетел. И со Белазги ја бранел Бе(л)отија од Феникијски Тебанци.

137. oTeS ... Бог – Создавач на праслобода, слога, единство и проштевање во срцето на славна Македонија.

138. oTeS ... Владетелот. ВасИЛеОс Македон. Бог на Сонцето, ИЛ. Пред Зевс е. Од Балканот до бескрајот.

139. аврП(А)eS ... Пророчица прва. Жена. МА. Од МАјка МАкедонка. И во Египет надвременска кралица.

140. ooBeS … Водач. Македонски. Просветлен, описменет и пред Венетите од Илион. И пред Данајците.

141. eBeS ... Крунисан. Корона сончева. Крошна цветна на земјата оплодена од возДух - Семе. СемеИстВо.

142. AeBeS ... Круна. Македонска. Чува свети материи во небесен магнетизам. Македонија ќе осветли тајни.

143. AeBeS aH ... На круната - камења на мудроста. Од темни сили барани - со светлината стално скарани.

144. eeЗeS ... Владетел, господар на месечева мртва светлина, Тот – е Бог на египетски магии, смртоносни.

145. eeЗeS eeЗeS ... На Тот. Трисмегистос, Хефест - Данајците му се поклонуваат... зло да не отклонуваат.

146. еТееШееЖаН eS … Бог, прОсветлувабукви и бројки преку ИЛе. Не со ноќен був и бабуни подземни.



**Марија Емилија Кукубајска**